**Информација за медиуми**

**Хаг – Скопје, 28 септември 2010**

**Европската библиотека ја промовира изложбата *Читајќи ја Европа* која нуди европски литературни ремек дела онлајн и без надомест**

Најчитани книги од англиската литература од 18 век, средновековни готвачи и околу 1000 европски најпознати дела се опфатени во една нова повеќејазична изложба достапна онлајн, создадена од Европската библиотека и поддржана од Еуропеана.еу.

Интерактивниот приказ на „*Читајќи ја Европа: европската култура низ книгата*" нуди ретка можност да се гледаат ремек дела на 32 јазици, од албански до еврејски. Извлечени од збирките на 23 национални библиотеки во Европа, многу од овие дела се во ракопис или претставуваат први печатени изданија.

Посетителите на изложбата *Читајќи ја Европа* може да научат повеќе за историската заднина на класичните дела, како што е на пример, првото издание на Дон Кихот од Сервантес (на шпански јазик) и Идиот од Фјодор Достоевски (на руски јазик) преку информациите напишани од библиотекарите кои се придружен елемент на секоја книга.

Покрај меѓународно признати наслови, изложбата содржи дела кои се познати во земјите од каде што потекнуваат, но помалку познати надвор од своите граници.

Jammers Minde - *Мемоарите за мојата беда* е еден таков пример. Призната за ремек дело во данската литература, книгата претставува прекрасна автобиографија од 17 век на ќерката на кралот Кристијан IV, која 22 години била во затвор, во озлогласената Сина кула.

Други дела, каков што е францускиот превод од Маларме на *Гавранот од Едгар Алан По,* се значајни не само поради текстот, туку и поради придружните илустрации – во овој случај илустрации од познатиот француски сликар Едуар Мане. Покрај тоа, многу ракописи изобилуваат со живописни цртежи кои содржат широк спектар од бои како јако сина, темно црвена и блескаво златна.

Посетителите на *Читајќи ја Европа* може да ги прегледуваат сите одбрани книги онлајн, а повеќето од нив може и да ги преземат.

*Читајќи ја Европа* е поддржана од Елфрида Јелинек, меѓународно признат драмски писател и романсиер. Таа доби Нобелова награда за литература во 2004 година, како и светско признание за нејзината книга Die Klavierspielerin („Наставник по пијано"), која е филмувана. Јелинек е особено благодарна за тоа што изложбата овозможува достапност до нејзините дела на повеќе јазици и што ја истакнува богатата европска културна историја.

Книгите содржани во *„Читајќи ја Европа: европската култура низ книгата“* исто така може да се истражуваат и на порталот на Europeana.eu.

За повеќе информации слободно обратете се кај Aubéry Escande на бројот 00 31 (0) 70314 0824 или на адресата Aubery.Escande@kb.nl

Забелешки од уредниците:

- Европската библиотека е бесплатен сервис кој нуди пристап до фондовите на 48 национални библиотеки од Европа. Фондовите може да бидат дигитални (книги, постери, мапи, звучни записи, видео записи итн.), но и библиографски.

  Бројката на референтни дигитални збирки постојано се зголемува. Квалитетот и веродостојноста се гарантирани од страна на 48-те вклучени национални библиотеки од Европа. Сите партнери во Европската библиотека се членови на Конференцијата на европски национални библиотеки (Conference of European National Librarians – CENL), чија цел е да ја зголеми и зајакне улогата на националните библиотеки во Европа.

- Europeana.eu е европска дигитална библиотека, музеј и архив. Таа им овозможува на сите заинтересирани лица слободен пристап до книги, цртежи, филмови, звучни записи, музејски предмети и архивски документи што се дигитализирани ширум Европа. Во моментов таа содржи 12 милиони единици од преку 1500 организации, вклучувајќи ги и главните меѓународни збирки и локални извори.
  Преку Еуропеана, луѓето може да дознаат повеќе за писателите прикажани во *Читајќи ја Европа: Европската култура низ книгата* за нивните дела и периодот во кој живееле, пребарувајќи ги илјадниците дигитализирани текстови и други материјали приложени од библиотеките, архивите и музеите од Европа.

- Еуропеана произлезе од Европската библиотека – The European Library, со која делат работен простор во Кралската библиотека - Национална библиотека на Холандија. Кога Европската комисија ја планираше Европската дигитална библиотека, ја покани ЦЕНЛ да поднесе предлог за финансирање. Поканата дојде затоа што тимот на Европската библиотека успешно изгради повеќејазичен портал и имаше искуство во интегрирањето на различни видови метаподатоци на повеќе јазици. Европската библиотека ја собира дигитализираната содржина од националните и истражувачки библиотеки од Европа и ја спроведува во Еуропеана.

.